**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-209**
**09.05. 2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-2240/1 од 15.04.2019 година, поради неисполнување на обврската за објавување на податоци согласно со член 14 од Законот за медиуми од страна на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 21-та седница одржана на 08.05.2019 година согласно Заклучокот бр.02-2559/7 од 08.05.2019 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 14 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а казнива по член 30 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје во рамките на својот програмски сервис емитуван на 2-ри февруари 2019 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис, и тоа: во дел од прилозите во информативните програми "Вести", емитувани во периодите од 07:59:40 до 08:11:32 часот, од 09:59:58 до 10:11:48 часот и од 20:00:36 до 20:30:10 часот, не беа целосно објавени податоците за импресумот – име и презиме на новинарот – автор на објавениот прилог, име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилог (сниматели, монтажер и сл.).

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитувањето (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-2240/1 од 15.04.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Според членот 14 од Законот за медиуми, издавачот на медиумот е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина да обезбеди објавување на податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник / уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн.

Со Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година, е утврден начинот на постапување на радиодифузерите при извршувањето на обврските од член 14 од Законот за медиумите (Импресум) и член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците).

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 15 април 2019 година, изврши редовен административен надзор на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2-ри февруари 2019 година, при што констатираше прекршување на член 14 од Законот за медиуми.

Имено, со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, спротивно на точка 5 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во рамките на својот програмски сервис емитуван на 2-ри февруари 2019 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис, и тоа: во дел од прилозите во информативните програми "Вести", емитувани во периодите од 07:59:40 до 08:11:32 часот, од 09:59:58 до 10:11:48 часот и од 20:00:36 до 20:30:10 часот, не беа целосно објавени податоците за импресумот – име и презиме на новинарот – автор на објавениот прилог, име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилог (сниматeл, монтажер и сл.),

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитувањето (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-2240/1 од 15.04.2019 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје на 16.04.2019 година, испрати Допис наш арх.бр.03-209 од 16.04.2019 година со кој му го

достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-2240/1 од 15.04.2019 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за медиуми. Во предвидениот рок, Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот за медиуми. Советот на Агенцијата на 21-та седница одржана на 08.05.2019 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-2240/1 од 15.04.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за медиуми, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 21-та седница одржана на 08.05.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2559/7 од 08.05.2019 година донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје и му се наложува во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, бр. 10-2240/1 од 15.04.2019 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛСкопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.